МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Септември 2009
БРОЈ 97

МЦМС потпиша договори за нови четири општини

Форумите во заедниците продолжуваат во нови 12 општини. На 25 септември 2009 година во хотелот Александар Палас, МЦМС ги потпиша договорите за спроведување на оваа програма во четири нови општини: Аеродром, Берово , Радовиш и Конче.



На свеченото потпишување на, од името на донаторот, Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), на присутните им се обрати Татјана вон Штајгер, Раководител на канцеларијата за соработка. Таа го сподели задоволството од големиот интерес на општините за оваа програма, „До денес, 57 од вкупно 84 општини аплицирале најмалку еднаш за учество во програмата, тоа е јасен показател дека општините се многу заинтересирани за применување на методот на вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки", рече вон Штајгер.



Од името на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, партнер во спроведувањето на програмата, се обрати потпретседателот Изет Мецити.

Градоначалникот на општина Аеродром, Ивица Коневски зборуваше од името на новите општини, а Жарко Ципунов, извршен директор на Алка, од името на организациите што спроведуваат.

Првата форумска сесија за Берово ќе се одржи на 7, а за Радовиш и Конче на 8 октомври 2009 година. На 28 октомври жителите на Аеродром ќе имаат можност да присуствуваат на првата форумска сесија од оваа програма.

Перцепцијата на дискриминацијата е „порозова" од реалноста



„Перцепциите на се секогаш исти со фактичката состојба" - од промоцијата

МЦМС денес го промовираше истражувачкиот извештај Барометар за еднакви можности чии авторки се проф. д-р Виолета Петроска Бешка проф. д-р Мирјана Најчевска.

„Перцепциите не секогаш се поклопуваат со фактичката состојба", рече проф. Бешка, „но без разлика, тие се многу важни". Истражувањето беше фокусирано на: перцепцијата на дискриминацијата, на искуствата и борбата против дискриминацијата, на познавањето на правата како и ставот кон еднаквите можности за вработување.

Во посебен дел од извештајот направена е анализа на податоците низ призмата на досегашните искуства или како што рече проф. Најчевска, „обид да се проблематизира сликата од извештајот". Таа уште направи и врска помеѓу податоците од извештајот и актуелните напори за донесување Закон за недискриминација и формирање посебно тело за еднаквост.

Истражувањето е дел од програмата Прогрес на Европската комисија што заедно ја спроведуваат Полио плус, МЦМС, Центарот за човекови права и разрешување конфликти и Министерството за труд и социјална политика.

Анкетата е направена од страна на Центарот за човекови права и разрешување конфликти, во соработка со Брима од Скопје на примерок од 1.606 испитаници. Истражувани се перцепциите, ставовите, познавањата и свесноста за дискриминација по следните основи: пол, етничка припадност, религија или уверување, возраст, инвалидност (односно попреченост во развојот), сексуална ориентација и партиска припадност.

Како да се вклучиме во креирањето политики



Вежбите и игрите најинтересни за учесниците на обуката

Во периодот од 16 до 18 септември беше спроведена обуката „Застапување и лобирање за вклучување во креирање политики". Учесници на обуката беа претставници на коалициите: Македонија без дискриминација (МБД), Граѓанска платформа на Македонија (ГПМ) и Сите за фер и правично судење.

„Вклучувањето на граѓаните и граѓанските организации во креирањето на политиките бара двострана активност: и од владата, но и од граѓанските организации", вели Емина Нурединоска, обучувач.

Учесниците имаа можност да ги слушнат искуствата од студиската посета во Лондон и тоа соработката на граѓанските организации со државните институции, механизмите за заштита од дискриминација и стандардите за фер и правично судење. „Посебно ми се допадна презентацијата на искуствата од Лондон" изјави Катерина Конеска од ГПМ , тоа беше можност да се види како функционира англискиот систем". Овие искуства биле доста интересни и за Ѓорѓи Јошевски од Сите за правично судење. „Ми се допадна искуството од Лондон, но сфатив колку е тоа далеку од нас. Реформите што тие ги имале во 2006 година, за нас се многу далечни", додава Ѓорѓи.

Како дел од курсот за застапување и лобирање учесниците поминаа низ идентификацијата на прашањето или проблемот за кое ќе се застапува или лобира, низ целите, партнерствата и сојузите што ќе се направат, низ справувањето со моќ, понатаму го разговараа за вклучувањето во креирање политики, самото креирање политики и на крај самите анализираа подготвени policy paper.

„Приодот на обуката е малку далечен за мене како повозрасен, но сум изненаден од темелноста" ни рече Томислав Димишковски од универзитет Трето доба. Има многу информации, но не е тешко да се усвојат, освен тоа, тука се и материјалите што ги добиваме па и подоцна можеме да се навратиме на темите. Темите што ги слушнавме се сосема на место. Возрасните луѓе, не ги следат овие обуки, не знам зошто, како да сме елиминирани. До сега сум посетил само една обука и таа ми беше многу корисна. Нашата генерација има потреба да научи некои од новите вештини и техники", додава Томислав.

Останатите активности од проектот ќе бидат насочени кон развивање акциски планови за креирање на политиките за прашања што организациите претходно ќе ги селектираат.

БЦСДН регистриран како правен субјект

Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) по осум години, кога започна како пилот проект и пет години функционирање како мрежа, на 1 октомври е регистрирана како правен субјект.

Во јули се одржа основачкото собрание кога беа усвоени Статутот и Стратегиската ориентација 2009-2011 и беше избран Советот, Одборот и Извршниот директор.

Основачи на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество се 11 организации од Балканот: Албанска фондација за граѓанско општество (Албанија), Центар за развој на невладини организации (Црна Гора), Центар за информативен сервис, соработка и развој на НВО (Словенија), Центар за промоција на граѓанското општество (Босна и Херцеговина), Цензура Плус (Хрватска), Граѓански иницијативи (Србија), Диаконија Агапес (Албанија), Косовска фондација за граѓанско општество (Косово), Македонски центар за меѓународна соработка (Македонија), Асоцијација за можности Романија (Романија) и Асоцијација Веста (Босна и Херцеговина).

Извршен директор на БЦСДН е Тања Хафнер Адеми.

Раководење и развој на човечки ресурси

МЦМС ја најавува следната обука за раководење и развој на човечки ресурси што ќе се одржи од 28 до 31 октомври, во Охрид. Во 32 часа, учесниците ќе имаат можност да научат како да го подобрат системот за човечки ресурси и да ги почувствуваат придобивките од него, како да го планираат персоналот и да ги ангажираат вистинските луѓе на вистинско место во вистинско време со цел да ги изведуваат планираните активности и проекти.

Ако доволно ве заинтересиравме, пријавете се on-line или по пошта.

Прочитајте повеќе информации за пријавувањето.

Започна со работа ЗКК за граѓанско општество на ЕУ и Република Македонија



Дрбалова, Клековски и Бајрами на инагуративниот состанок на ЗКК во Брисел

На 25 септември 2009 година, Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) беше домаќин на првиот Заеднички консултативен комитет (ЗКК) на граѓанското општество на ЕУ и Република Македонија. ЗКК е заедничко консултативно тело кои има цел да ги набљудува односите помеѓу ЕУ и Република Македонија од гледна точка на граѓанското општество. ЗКК ќе ги промовира контактите и дискусијата помеѓу претставниците на граѓанското општество на двете страни по прашања од заеднички интерес.

На состанокот членовите на ЗКК го поздравија предлогот на Европската комисија за безвизно патување за граѓаните на Република Македонија и ги повика и останатите институции во ЕУ да го следат нејзиниот пример. Членовите на ЗКК исто така бараат, што е можно побрзо, да започнат преговорите помеѓу ЕУ и Република Македонија веднаш штом бидат исполнети одредниците наведени во Пристапното партнерство. На состанокот беа донесени повеќе заклучоци.

На настанот, меѓу другите, говореа и г. Џелал Бајрами, Министер за труд и социјална политика и г. Дирк Ланге, Директор за проширување во Европската комисија, кој го претставува Комесарот за проширување, г. Оли Рен, г-ѓа Ана Краен, претставник на шведското претседателство со ЕУ, Потпретседателот на ЕЕСК г-ѓа Ирини Пари и г. Филип Хамро-Дроц, Претседател на Одделот за надворешни односи на ЕЕСК.

Ова новоосновано заедничко тело го сочинуваат 12 претставници од граѓанското општество од ЕУ и од Република Македонија. Ко-претседавачи се Владимира Дрбалова од Чешката Република и Сашо Клековски од Република Македонија.

Втората средба на ЗКК ќе се одржи во Република Македонија, на почетокот на 2010 година. Главната тема на настанот ќе ги опфати економските и социјалните права. ЕЕСК, со формирањето на новиот ЗКК, успешно воспоставува заеднички тела на граѓанското општество со трите земји, кандидати за членство во ЕУ: Турција, Хрватска и Република Македонија.

Политиката за проширување на ЕУ и граѓанското општество во западен Балкан



ИПА механизмот за граѓанско општество во фокусот на средбата

Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) во партнерство со Апродев организираше работилница под наслов „Право да се биде слушнат: Политиката за проширување на ЕУ и граѓанското општество во Западен Балкан". Работилницата се одржа на 10 септември 2009 г. во Брисел и на неа присуствуваа 42 претставници на локалните граѓански организации од Балканот, Европската комисија, Европскиот парламент, ЕУ мрежите како и на националните власти и меѓувладините организации од регионот.

Целта на работилницата беше да се разговара за тековните предизвици со кои се соочуваат земјите од Западен Балкан и како ГО можат да придонесат за пронаоѓање решенија за нив. Поконкретно, во фокусот на агендата беше ИПА механизмот за граѓанско општество, кој што е главниот механизам за финансирање на Европската комисија за поддршка на развојот на граѓанското општество во потенцијалните и земјите кандидатки за членство во Унијата и Принципот за ИПА партнерство, кој ги поставува правните основи за вклучување на актерите на граѓанското општество во ИПА програмата, нејзиното спроведување и оценка. Во оваа прилика беше презентиран и дискутиран нацрт стратешкиот документ „Успесите и неуспесите на претпристапната политика на ЕУ за Балканот: Поддршка за граѓанското општество".

На 9 септември беше одржан и неформален состанок меѓу претставниците на локалните ГО од балканскиот регион и ЕУ платформите со цел да се споделат искуствата во однос на работата на ГО и мрежите во контекст на претпристапувањето и пристапувањето кон ЕУ.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов бб, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk